Прашања и одговори бр. 2
Четвртиот повик за финансирање техничка документација за општински инфраструктурни проекти

1. Дали Центар за развој на плански регион може да аплицира за техничка документација за изградба на мост преку реката Вардар, кој би обезбедил сообраќајно поврзување и придобивки за три општини?

Одговор: Да, ваков проект може да биде прифатлив како регионален инфраструктурен проект, доколку мостот и поврзаната патна инфраструктура се во надлежност на општините и обезбедуваат конкретни придобивки за најмалку три општини.

Проектот треба да произлегува од регионалните развојни приоритети, да има јасно утврдени локација и инфраструктурен опфат и да ги исполнува условите за бројот на комплети техничка документација и потребните одобренија за градење. Не се поддржува изработка на документација за државна или регионална патна инфраструктура во надлежност на институции на национално ниво (на пр., Јавно претпријатие за државни патишта).

2. Дали една општина може да поднесе апликација за техничка документација за канализациски мрежи со мали пречистителни станици во три географски блиски населени места? Дали трошоците може да се прикажат во еден финансиски план?

Одговор: Според правилата на повикот, три независни канализациски системи со посебни пречистителни станици, за кои се потребни три одделни комплета документација и три одобренија, не може да бидат опфатени со една апликација.

Во конкретниов случај, под функционална целина се подразбира една канализација со соодветната пречистителна станица. Поради тоа, се препорачува на општината да избере една ваква функционална целина (комбинација на канализација со пречистителна станица) која ќе биде опфатена во апликацијата.

3. Дали може да се аплицира за една техничка документација за подобрување на енергетската ефикасност на јавно основно училиште, во две фази: поставување фотоволтаици со батерии и топлинска пумпа, а потоа реконструкција на фасадата и замена на надворешната столарија?

Одговор: Да, ваков проект е прифатлив доколку фазите може да се опфатат со еден комплет на техничка документација. Во случајов, посочените фази се сметаат за функционално поврзана реконструкција на истиот јавен објект и за што е потребно соодветно одобрение за градење.

4. Дали проценетите трошоци за техничката документација и износите во финансискиот план треба да бидат прикажани со или без ДДВ?

Одговор: Сите износи во апликацијата и финансискиот план треба да бидат прикажани во македонски денари (МКД), без ДДВ.

За проектите што ќе бидат избрани за финансирање ќе се спроведе постапка за регистрација во Министерството за европски прашања (МЕП), со цел остварување на правото на ослободување од ДДВ. По регистрацијата и спроведувањето на соодветната даночна постапка, плаќањата за проектантските и поврзаните консултантски услуги ќе се вршат без ДДВ.

5. Дали може да се аплицира за изработка на техничка документација за јавен објект на земјиште во државна сопственост, за кое урбанистичкиот план за село е во завршна фаза на донесување?

Одговор: Проект на земјиште во државна сопственост може да биде прифатлив доколку општината има соодветно право на користење за предвидената намена и не постојат имотно-правни пречки за подготовка и реализација на инфраструктурата.

Предложената изградба треба да биде усогласена и со важечката урбанистичко-планска документација. Тоа што урбанистичкиот план е во завршна фаза на донесување не значи дека потребните плански предуслови се веќе исполнети.

Во апликацијата потребно е да се наведат статусот на урбанистичкиот план, предвидената намена на земјиштето, правото на користење и очекуваните рокови за завршување на преостанатите постапки. Прифатливоста ќе зависи од можноста потребната планска основа навремено да се обезбеди за изработка на техничката документација и добивање одобрение за градење во предвидениот рок за реализација на грантот.

6. Дали статистичките податоци и понатаму се важни при оценувањето на проектите и дали нивното приложување носи дополнителни поени?

Одговор: Да, релевантните статистички и други проверливи податоци се важни за квалитетно образложување на предложениот проект.

Тие може да помогнат во претставувањето на развојниот проблем, обемот на потребите, бројот и структурата на корисниците, очекуваните придобивки и влијанието на проектот врз пристапот до јавни услуги.

Сепак, приложувањето статистички податоци само по себе не носи дополнителни поени. Тие се земаат предвид при оценувањето на соодветните критериуми, доколку придонесуваат за поконкретно и проверливо образложение на проектот.

Не е потребно да се доставуваат обемни статистички прилози. Доволни се релевантни податоци што се директно поврзани со предложениот проект, со наведен извор или основа за нивната процена.

7. Дали Центар за развој на плански регион може да поднесе една регионална апликација за изработка на техничка документација за две пречистителни станици за отпадни води во две населени места во иста општина, со цел заштита на акумулација што се користи за водоснабдување на три општини?

Одговор: Подобрување на водоснабдување за 3 општини е прифатлив како регионален инфраструктурен проект.

Сепак, предложените две пречистителни станици, кои се наоѓаат во две одделни населени места и опслужуваат независни канализациски системи, не претставуваат функционално поврзана инфраструктурна целина. Заедничката цел за заштита на акумулацијата сама по себе не е доволна за нивно опфаќање со една апликација.

Затоа, се препорачува Центарот да поднесе регионална апликација за една од двете пречистителни станици. При изборот може да се земат предвид очекуваното влијание врз намалувањето на загадувањето на акумулацијата, бројот на корисници и подготвеноста на проектот за реализација.

8. Што треба да пополнат апликантите во деловите 6.1 и 7.1 од апликацискиот формулар? Како се пресметуваат поените за Општинскиот развоен индекс (ОРИ) за 2023 година и каде може да се најдат податоците?

Одговор: Во делот 6.1 се наведува типот на проектот и општините што ќе имаат конкретни придобивки од неговата реализација. Кај индивидуалните проекти се наведува општината што

аплицира, додека кај меѓуопштинските и регионалните проекти се наведуваат сите опфатени општини, со кратко образложение за придобивките на секоја од нив.

Во делот 7.1 не е потребно апликантите самостојно да го пресметуваат ОРИ или да доставуваат дополнителни податоци. Поените ги утврдува комисијата врз основа на резултатите од ОРИ за 2023 година, пресметан во рамките на Проектот. Ознаката „за 2023 година“ се однесува на референтната година на податоците.

ОРИ е посебен критериум за евалуација со најмногу 10 поени. Со цел поддршка на општините со поголеми развојни потреби, општините со понизок индекс добиваат повисоки поени. Кај индивидуалните проекти се користат поените за општината што аплицира, а кај меѓуопштинските и регионалните проекти се пресметува аритметичка средина од евалуациските поени за општините со конкретни придобивки од проектот.

Заради транспарентност, со апликантите се споделува следната табела со поените што произлегуваат од резултатите на ОРИ за 2023 година.

Ранг	Општина	Општински развоен индекс (2023)	Поени од индексот
1	Охрид	48.3%	1.00
2	Куманово	39.2%	1.11
3	Центар	39.2%	1.23
4	Гевгелија	38.7%	1.34
5	Карпош	37.8%	1.46
6	Битола	37.0%	1.57
7	Пехчево	36.7%	1.68
8	Кочани	36.4%	1.80
9	Кисела Вода	36.3%	1.91
10	Делчево	35.5%	2.03
11	Прилеп	34.8%	2.14
12	Гази Баба	34.7%	2.25
13	Чаир	33.4%	2.37
14	Струмица	32.6%	2.48
15	Кратово	32.0%	2.59
16	Аеродром	31.3%	2.71
17	Ѓорче Петров	31.2%	2.82
18	Свети Николе	29.9%	2.94
19	Велес	29.5%	3.05

20	Тетово	29.4%	3.16
21	Дојран	29.3%	3.28
22	Кавадарци	28.6%	3.39
23	Кичево	28.5%	3.51
24	Берово	28.5%	3.62
25	Неготино	28.3%	3.73
26	Илинден	27.4%	3.85
27	Демир Хисар	27.0%	3.96
28	Струга	26.8%	4.08
29	Радовиш	26.6%	4.19
30	Гостивар	26.4%	4.30
31	Ресен	25.5%	4.42
32	Сарај	25.2%	4.53
33	Ранковце	25.1%	4.65
34	Бутел	25.0%	4.76
35	Македонски Брод	24.8%	4.87
36	Ново Село	24.7%	4.99
37	Валандово	24.5%	5.10
38	Крушево	24.4%	5.22
39	Вевчани	24.4%	5.33
40	Крива Паланка	24.0%	5.44
41	Богданци	23.7%	5.56
42	Теарце	23.6%	5.67
43	Дебрца	23.6%	5.78
44	Дебар	23.4%	5.90
45	Могила	23.3%	6.01
46	Виница	22.4%	6.13
47	Штип	22.0%	6.24
48	Македонска Каменица	21.2%	6.35
49	Долнени	21.2%	6.47

50	Демир Капија	20.9%	6.58
51	Шуто Оризари	20.8%	6.70
52	Росоман	20.4%	6.81
53	Градско	19.7%	6.92
54	Лозово	19.6%	7.04
55	Пробиштип	19.6%	7.15
56	Василево	19.3%	7.27
57	Пласница	18.5%	7.38
58	Зрновци	18.2%	7.49
59	Карбинци	18.0%	7.61
60	Кривогаштани	18.0%	7.72
61	Чучер-Сандево	17.9%	7.84
62	Брвеница	17.9%	7.95
63	Босилово	17.8%	8.06
64	Чашка	17.2%	8.18
65	Зелениково	16.6%	8.29
66	Конче	16.5%	8.41
67	Сопиште	16.5%	8.52
68	Врапчиште	16.4%	8.63
69	Јегуновце	16.2%	8.75
70	Петровец	16.1%	8.86
71	Старо Нагоричане	15.8%	8.97
72	Новаци	15.6%	9.09
73	Желино	15.5%	9.20
74	Студеничани	15.3%	9.32
75	Боговиње	14.9%	9.43
76	Чешиново-Облешево	14.8%	9.54
77	Центар Жупа	14.5%	9.66
78	Липково	14.4%	9.77
79	Маврово и Ростуше	12.1%	9.89

80	Арачиново	7.9%	10.00

Напомена: *Општинскиот развоен индекс е пилот-алатка за оценување на развојните достигнувања и перформансите на општините, изработена во рамките на проектот на УНДП „Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти“, финансиран од Шведска и Министерството за локална самоуправа. Резултатите добиени со примена на алатката, вклучително и рангирањето на општините, немаат официјален статус и се користат исклучиво за потребите на Проектот.*